РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-222/4
26.03.2026 год.
ПРОБИШТИП

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Пробиштип |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Наташа Смилкова, Советник за родова еднаквост заштита на деца, Координатор за еднакви можности на жените и мажите |
| **Период на известување** | За 2025 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 25.03.2026 година |

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

**Градоначалник на општина Пробиштип**
**Тони Тоневски**

**Потпис:**

**Дата, 25.03.2026 година**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**
**Во текот на 2025 година Општина Пробиштип ги има преземено следните мерки:**

- **Еднократна парична помош** по однос на поднесено **барање** согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на **еднократна парична помош** по барања поднесени до општина Пробиштип;
- **Еднократна парична помош** по однос на поднесено барање за **категорија бездомни лица** и **лица жртви** на **семејно насилство**.

**Вкупно** предвидени финансиски средства за еднократна парична помош изнесува **800.000,00 денари.**

- По повод **3-ти декември** , Меѓународен Ден на лица со посебни потреби се доделуваат ваучери во вредност од 3000 денари по лице за корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост и инклузираните ученици во училиштата со вкупен број од 18 лица. **Вкупно** финансиски средства **70.000,00 денари**
- **Новогодишно пакетче** за корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост, инклузираните ученици во училиштата со вкупно финансиски средства **30.000,00 денари**
- **Еднократна парична помош од 20.000,00 ден** за корисници на надоместок заради **попреченост на лице со навршени 26 години возраст и за лицата во социјален ризик -приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија** од Центар за социјална работа по повод 28 –ми Август Празникот на градот . Вкупно финансиски средства се **3.500.000,00** ден.
- **Субвенција во износ од 500 ден** за **корисници** на правото на надоместок заради **попреченост –потполно слепи лица** на сметки за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев“. Лицата се корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип.

**Вкупно финансиски** средства **170.000,00 ден.**

- **Парична партиципација во трошоците** за **згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за самохрани родители** кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна општинска установа за деца – детска градинка. **Вкупно финансиски средства 20.000,00 денари.**
- **Парична партиципација за деца со посебни потреби** кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип со вкупно **20.000,00 ден.**
- **Парична партиципација** во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за дете чии **месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 ден.** Висината на партиципацијата е по 1490 ден месечно за дете. Вкупно финансиски средства **2.200.000,00 денари.**
- **Еднократна парична помош** од **8.000,00 ден** за секое новороденче чии родители/старатели според лична карта се во место на живеење во општина Пробиштип. Вкупно финансиски средства **600.000,00 ден**.
- Еднократна парична помош од **20.000 ден за дете со попреченост** до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок. Вкупен број на лица се 34 и доделени се вкупно **800.000,00 денари.**
- **Новогодишни пакетчиња** за децата запишани во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип. Вкупниот број на деца е 363 и **вкупно финансиски средства - 100.000,00 денари.**
- **Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение** во основните општински училишта и подрачни училишта. Станува збор за 411 ученици од прво до петто одделение во основните

училишта во Пробиштип и подрачните основни училишта во селата. Цената за услугата за еден ученик е 800 ден месечно. **Вкупно финансиски средства 3.500.000,00 денари**

- **Паричен додаток** за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “ Пробиштип. Редовните ученици од прва година кои во 2024/2025 се запишани во СОУ „Н.Н.Борче„ Пробиштип, односно 79 ученика добиваа месечно по **2000 денари во период од 9 месеци**. Вкупно финансиски средства **1.900.000,00 ден.**
- **Финансиска поддршка** на „Здружение на лица со оштетен вид„ за реализација на активности а по повод по повод Меѓународниот ден на белиот стап **20.000,00ден**
- **Програма општинско-корисна работа** во соработка со АВРСМ и Центар за социјална работа: ангажирани 2 лица со склучен договор на 9 месеци во СОУ„Н.Н.Борче Пробиштип.

Ангажираните лица добиваа надоместок од **13.750 ден** (во бруто износ со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. Општина Пробиштип согласно договор со УНДП учествува со кофинансирање од 20% од месечниот износ на надоместокот од 2750 ден месчно за лице или 49.500,00 ден , а УНДП врши исплата на 80% од 11.000,00ден месечно по лице или 198.000,00 ден. **Вкупно финансиски средства за ОКР 80.000,00ден.**

- **Социјална услуга во домот - Помош и нега во домот** од страна на давателот на социјалната услуга – здружение на граѓани „Црвен Крст„ Пробиштип во општина Пробиштип и општина Кратово со финансиски средства од Министерство за социјалан политика , демографија и млади. Ангажирани беа 20 лица кои ги вршат основите и инструментални активности согласно Закон за социјална заштита (одржување на домот, чистење, готвење, пазарење, перење, пеглање, поддршка во извршување на секојдневните активности, прошетка, комуникација со матичен лекар, придружба на рутински контроли кај матичниот лекар, набавка на лекови, мерење на шеќер во крвта и мерење притисок).

Опфатени беа стари и изнемоштени лица, лица со намален функционален капацитет да им се олесни секојдневното функционирање, како од градовите така и од околните рурални средини.

- **Едукативни предавања** од страна на Здружение на граѓани „Црвен Крст„ Пробиштип од Програмата за еднакви можности на жените и мажите за три специфични цели : Вклучување на родова перспектива во здравство (Подигнување на свеста за водење грижа за сексуално и репродуктивно здравје за женско и машко здравје); Вклучување на родова перспектива во образованието (Едукативни активности и предавања во училишта за важноста и грижата за менструална хигиена); Промоција на родова еднаквост меѓу младите (Едукативни активности и предавања, кампањи, Превенција и спречување на врсничко насилство (булинг) Превенција од насилство врз жени и девојчиња и семејно насилство).
- **Учество на Координаторот за еднакви можности на мажите и жените и лице задолжено за Совет на општина Пробиштип и комисијата за полова еднаквост** од редовите на вработените во општинската администрација во два циклуси на обуки организирани од страна на UN Women во Скопје.
- **Останати програмски мерки за подобрување на квалитетот на живот и создавање еднакви услови за сите граѓани** (жени и мажи, девојчиња и момчиња, стари лица и лица со попреченост) во Општина Пробиштип, преку

  - ✓ Изградба и реконструкција на локални патишта, со обезбедување безбедни и осветлени пристапи до училиштата, здравствените установи и јавните институции, особено во населби каде живеат постари лица и ранливи групи.
  - ✓ Уредување и реконструкција на тротоари во сите населби со цел непречено движење на лица со попреченост, безбедно движење на ученици, мајки со детски колички и постари лица.
  - ✓ Обезбедување доволно безбедни паркинг-простори во близина на јавни институции, со предвидени паркинг-места за лица со попреченост и за мајки возачи.

- ✓ Уредување на јавните површини (плоштади, паркови, детски и спортски игралишта) на родово и социјално инклузивен начин, со клупи, осветлување, зеленила и содржини прилагодени за деца, млади, жени, стари лица и лица со посебни потреби.

- ✓ Подобрување на безбедноста во јавниот простор со уредени пешачки и велосипедски патеки и јасна сигнализација за намалување на ризикот од сообраќајни незгоди и зголемување на чувството на сигурност, особено кај жените, децата и постарите лица.

- ✓ Реконструкција на улиците што водат до основните училишта како и поставување на вертикална сигнализација, со цел зголемување на безбедноста на сите ученици.

- ✓ Реконструкција на тротоари до основните училишта, изградба на нови тротоари во приградските населби, селата и кон градските гробишта, со обезбедување безбедно и достапно движење за жени, мажи, деца на предучилишна и училишна возраст, лица со попреченост и постари лица.

- ✓ Изградба на детски игралишта во приградската населба Калниште и во село Злетово, како инклузивни простори за игра и социјализација на деца од двата пола.

- ✓ Реконструкција на сите спортски игралишта во рамките на училишните дворови на основните училишта, како во градот така и во селските средини, со поттикнување еднаков пристап на девојчиња и момчиња кон спорт и рекреација.

- ✓ Изградба на мини-парк во централното градско подрачје, како јавен простор подеднакво достапен и безбеден за жени и мажи, млади и стари лица.

- Реализација на **инфраструктурни програмски проекти** во основните училишта, со почитување на принципите на еднакви можности на девојчиња и момчиња:

- ✓ Реконструкција на затворениот базен во ООУ „Никола Карев„ за потребите на учениците од основните училишта, со обезбедување еднаков пристап за девојчиња и момчиња и можност за квалитетна реализација на наставните содржини по физичко и здравствено образование во делот на обука во пливање.

- ✓ Обнова на осветлувањето во училиштата и во училишните дворови со енергетски ефикасни светилки, за зголемена безбедност за училишниот имот, особено во попладневните и вечерните часови.

- ✓ Соработка и поддршка од општината со цел реализација на обуки за наставниците од основните училишта за зајакнување на инклузивните тимови и спречување дискриминација по основ на пол.

- ✓ Ставање во функција на робот за лица со посебни потреби, за унапредување на пристапноста и еднаквите можности во образованието.

- ✓ Заштита на здравјето на граѓаните подеднакво со спроведување на мерката прскање против комарци на целата територија на општината, односно и урбаните и руралните населби.

- ✓ Финансиска поддршка на Младинскиот центар за спроведување активности насочени кон еднакво учество и вклучување на ученици од средното образование од двата пола, млади девојки и момчиња во младински програми, едукации и волонтерски иницијативи.

- ✓ **Осветлување на градскиот стадион** со поставување на рефлектори со енергетски ефикасни светилки, со цел создавање безбеден и квалитетен простор за спорт и рекреација за жени и мажи, девојчиња и момчиња, подеднакво.

- ✓ **Поставување нови точки на улично осветлување со енергетски ефикасни светилки, како и одржување на веќе постоечките** на улиците во градот, приградските населби и селата, за создавање на подеднакви услови како во урбаните така и во руралните заедници со цел зголемување на безбедноста и сигурноста при движење за сите граѓани, особено за жените, децата, лица со попреченост и постари лица. **Вкупно финансиски средства 8.500.000,00 ден.**

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

**Резултатите во спроведувањето на наведените мерки се следните:**

- **Еднократна парична помош за 60 лица во социјален ризик**, за надминување на краткорочни финансиски потешкотии и обезбедување средства за набавка на основни средства за живот при што ќе се постигне намалување на ризиците од социјално исклучување, со фокус на семејства со деца, пензионери и невработени, што ја подобрува нивната секојдневна егзистенција.
- **Еднократна парична помош од 3000,00 ден а по повод 3-ти декември** на 18 корисници од кои 8 машки и 10 женски за Меѓународен Ден на лица со попреченост и на инклузираните ученици при Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци“, СОУ Н.Н.Борче Пробиштип и корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост.

***Резултатот*** од оваа мерка се однесува на финансиска поддршка за делумно покривање на нивните трошоци (лекување, терапии, помагала, превоз, секојдневни потреби) и олеснување на товарот на семејствата, јакнење на чувството на препознавање и почитување на лицата со попреченост и инклузираните ученици од страна на локалната самоуправа со цел достоинство, еднаквост и инклузија, како и придонес кон поголема видливост на правата и потребите на лицата со попреченост во општината и поттикнување на понатамошни инклузивни мерки и услуги.

***Резултатот*** од еднократна парична помош од 20.000,00 ден за корисници на надоместок заради попреченост на лице со наврешени 26 години возраст и за лицата во социјален ризик - приматели на гарантирана минимална помош и социјална пензија од Центар за социјална работа се однесува на се однесува на зајакнување на нивната материјална и социјална сигурност и намалување на ризикот од подлабока сиромаштија.

- **Новогодишно пакетче** за корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост, инклузираните ученици во училиштата, а ***резултатот*** од оваа мерка е директна материјална и психосоцијална поддршка за децата и лицата со попреченост, како и за инклузираните ученици со цел да се зголеми чувството на прифатеност, внимание и еднаквост кај корисниците на Дневниот центар и учениците со попреченост, преку нивно вклучување во новогодишните активности како и кај другите деца.

Со издвоените 30.000 денари се обезбедуваат новогодишни пакетчиња како симболична, но значајна поддршка која придонесува за подобро емоционално благосостојба и инклузија во заедницата.

- **Субвенција на сметки** од 500 ден за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев“ за лица корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип, која ќе донесе бенефит за намалување на месечниот финансиски товар и подобрување на материјалната сигурност на слепите лица и нивните семејства.
- **Парична партиципација – помош во трошоците за згрижување** и воспитание на 131 дете ( 65 машки и 66 женски ) од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 ден

***Резултатите* од овие мерки за парична партиципација од страна на општината** се во насока на зголемен опфат на деца во градинка и намалување на финансискиот товар за најранливите семејства. Овозможено е децата на самохрани родители во сиромаштија да посетуваат јавна градинка, со што се намалува социјалниот јаз и се поттикнува нивната еднаква вклученост во општеството. Мерката исто така придонесува за обезбедување на можности родителот да работи или активно да бара работа.

Паричната пртиципација за деца во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ со приход на семејства до 60.000 ден. овозможува голем број деца од домаќинства со ниски и средни приходи да посетуваат градинка, без тоа да биде преголем финансиски удар за семејниот буџет.

Со оваа мерка се зголемува опфатот на деца од предучилишна возраст во организирано згрижување и воспитание, што е важно за нивниот когнитивен, социјален и емоционален развој.

- **Парична партиципација во трошоците** за **згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст за самохрани родители** кои се корисници на гарантирана минимална помош чии деца се згрижени во јавна установа за деца – детска градинка што резултира во намалување на ризикот од сиромаштија и социјална исклученост кај самохраните родители, особено кај мајките, и се овозможува подобро усогласување на грижата за децата со вработување или активно барање работа.
- **Партиципацијата за деца со посебни потреби во ЈОУДГ „Гоце Делчев“** обезбедува дополнителна поддршка за семејствата на деца со попреченост, кај кои трошоците за грижа, терапии и помагала се значително повисоки. Ова ја поттикнува инклузијата на децата со посебни потреби да присуствуваат во редовна градинка со нивните врсници, а резултатот се однесува на социјализација и развој.
- **Еднократна парична помош за дете со попреченост** до 26 години живот корисник на посебен додаток како паричен надоместок. Вкупниот број на лица се 34, а бенефитот се однесува на зајакнување на финансиската поддршка за семејствата кои се соочуваат со високи, континуирани трошоци поврзани со попреченоста како и намалување на ризикот од продлабочување на материјалната загрозеност кај домаќинства кои и онака имаат повисоки трошоци и ограничени можности за вработување на родителите;
- **Новогодишни пакетчиња** за децата запишани во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип што подразбира еднакво учество на сите деца во новогодишните и божиќните празнувања, без оглед на социјалниот статус на семејството и намалување на ризикот дел од децата, особено од посиромашни семејства, да останат без подарок и да се чувствуваат изолирано или помалку вредно во однос на врсниците.
- **Еднократна парична помош од 8.000,00 ден за секое новороденче** чии родители/старатели според лична карта се во место на живеење во општина Пробиштип.
  ***Резултатот*** од мерката е грижа на општината за младите семејства кое може да придонесе за задржување и мотивирање на младите да останат и да формираат семејство во Пробиштип.
- **Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение** во основните општински училишта и подрачни училишта од прво до петто одделение во Пробиштип и подрачните основни училишта во селата, при што се придонесува за подобрување на здравјето и исхраната на децата, намалување на трошоците за семејствата и зголемена еднаквост меѓу учениците.
- **Паричен додаток за образование** на редовните ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче “ Пробиштип, при што резултатот е поттикнување на упис на учениците од нашата општина во општинското средно училиште и финансиско олеснување на семејствата.
- **Финансиска поддршка на Здружението на лица со оштетен вид за реализација на активности по повод Меѓународниот ден на белиот стап.** Ова покажува дека Општината се грижи за оваа категорија граѓани, а резултатот е промоција на овие специфични активности и нивното вклучување во општествениот живот, зголемување на видливоста и обезбедување на соодветна поддршка**.**
- **Програма општинско-корисна работа** во соработка со АВРСМ и Центар за социјална работа со ангажиранње на лица со Договор за работа на 9 што резултира во социјална инклузија и стекнување работно искуство во училишна средина или средното училиште „Н.Н. Борче„.
- **Социјална услуга во домот - Помош и нега во домот** од страна на давателот на социјалната услуга – здружение на граѓани „Црвен Крст„ Пробиштип во општина Пробиштип и општина Кратово со финансиски средства од Министерство за социјалан политика, демографија и млади. Резултат од оваа мерка е подобрување на квалитетот на живот за ранливите групи, еднаков родов пристап и вклучувањеподеднакво на мажи и жени и превенција на одредени ризици по животот кај старите лица.

- **Едукативни предавања** од страна на **Здружение на граѓани „Црвен Крст„ Пробиштип** од Програмата за еднакви можности на жените и мажите, при што резултатот е спроведување на едукација со родов фокус за подигнање на свеста за сексуално-репродуктивно здравје

(жени/мажи), менструална хигиена во училишта и превенција на врсничко, семејно насилство и насилство врз жени/девојчиња.

- **Учество на Координаторот за еднакви можности на мажите и жените и лице задолжено за Совет на општина Пробиштип и комисијата за полова еднаквост** кои се жени во обуки организирани од страна на UN Women во Скопје. Учесничките стекнаа знаења и вештини во темата за родово одговорно буџетирање, превенција на родово-базирано насилство и мониторинг на еднаквост, што директно се применува во општинските програми. Исто така, обуките значат поголема видливост на женските претставнички, промовирање на родова инклузија во локалната заедница и унапредување на соработката со национални и меѓународни партнери како UN Women.
- ***Програмски активности кои ја подобруваат родовата компонента***

- Реконструкција на улиците и тротоарите што водат до основните училишта како и поставување на вертикална сигнализација, со цел зголемување на безбедноста на вкупно 885 ученици од кои момчиња 463 и 422 девојчиња, наставниот кадар и родителите од двата пола.

-Изградба на нови тротоари во приградските населби (нас. Кланиште 1.083 мажи и 1.019 жени и нас. Пробиштип - 339 мажи и 330 жени)

-Изградба на нови тротоари кон градските гробишта, со обезбедување безбедно и достапно движење за 6.598 мажи и 6.426 жени од кои 1.064 стари лица (над 65 години).

-Изградба на мини-парк во централното градско подрачје, како јавен простор подеднакво достапен и безбеден за жени и мажи, млади и стари лица.

Овие реализирани проекти промовираат родова еднаквост и грижа за ранливите групи, со подеднаква корист за мажи и жени, млади и стари лица, што ја зголемува социјалната кохезија.

-Изградба на детски игралишта за 83 деца и тоа: во приградската населба Калниште за 35 деца од кои 19 машки и 16 женски деца од предучилишна возраст и во село Злетово за 48 деца од предучилишна возраст од кои 28 машки и 20 женски, како и деца од основните училишта од пониските одделенија, како инклузивни простори за игра и социјализација на деца од двата пола.

Игралиштата овозможуваат активност на отворено, придонесувајќи за подобрување на моториката, координацијтаа и општото здравје кај децата од предучилишна возраст и пониските одделенија основно образование.

Дизајнирани се за деца од двата пола, тие промовираат еднаквост, соработка и пријателства, намалувајќи ги социјални бариери во заедницата.

Ова значи дека над 150 деца добија пристап до катче за квалитетна рекреација, што придонесува за подобар психосоцијален развој.

-Реконструкција на сите спортски игралишта во рамките на училишните дворови на основните училишта, со поттикнување еднаков пристап на девојчиња и момчиња кон спорт и рекреација, со следниот број на ученици:

ООУ „Никола Карев„ Пробиштип, **75 машки** и **85 женски** ученици од I до V одд.
**87 машки** и **73 женски** ученици од VI до IX одд.

ООУ „Браќа Миладиновци„ Пробиштип, **152 машки** и **144 женски** ученици од I до V одд.
**149 машки** и **120 женски** ученици од VI до IX одд.

(заедно со подрачните училишта во Злетово и населба Пробиштип)

-Осветлување на градскиот стадион со поставување на рефлектори со енергетски ефикасни светилки, со цел создавање безбеден и квалитетен простор за спорт на ФК Рудар Пробиштип со 20 фудбалски играчи сениори и 20 јуниори, како и спорт рекреација за жени и мажи, девојчиња и момчиња во попладневните и вечерните часови.

-Поставување нови точки на улично осветлување со енергетски ефикасни светилки на улиците во градот, приградските населби и селата, како и редовна замена на улични светилки во градската како и во селските средини.

Со поставување на улични светилки на секоја улица во градот, приградските населби и селата, Општина Пробиштип значително ја подобри ноќната безбедност преку намалување на сообраќајните несреќи и криминалот, благодарение на подобрената видливост.

Истовремено, енергетски ефикасните LED светилки ја намалуваат потрошувачката на енергија до 70%, што резултира со значителни заштеди во општинските сметки и придонес кон заштитата на животната средина.
Подобрената осветленост особено ја зголемува сигурноста за жените и девојките, намалувајќи го ризикот од родово-базирано насилство и сексуални напади за време на доцните часови и овозможувајќи им слободно движење.
Повозрасните жени и мајките со деца добиваат поголема сигурност при враќање од работа или прошетки, што промовира родова еднаквост во користењето на јавниот простор и ја зајакнува социјалната инклузија во руралните и урбаните средини.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

**Да, Општина Пробиштип има предвидено аутпут индикатори за следење на успешноста и напредокот на програмите.**
-Број на поднесени барања и Извод од одделение за финансии за вкупно исплатени парични средства – вкупно 65 за еднократна помош за новороденче
-Број на стари лица – 39 ја користат услугата помош и нега во домот
-Број на негователи - 10 за услугата нега во домот
-Број на лица или вкупно 18 лица примиле еднократна парична помош по повод 3- ти декември
-Број на поднесени барања за еднократна помош за лица во социјален ризик
-Број на ангажирани лица – 2 преку програмата ОКР
-Број на доделени награди на ученици и ментори
-Број на наградени спортисти на годината – 1 машко лице и 1 женско лице
-Број на доделени социјални пакети за лица во социјален ризик
-Број на поднесени барања за еднократна помош за дете со попреченост до 26 години живот,
-Број на поднесени барања -189 за еднократна помош за лица корисници на посебен додаток надоместок за попреченост
-Број на ученици или 79 ученици корисници на право на додаток за образование во средното училиште
-Број на ученици или 411 ученици корисници на бесплатен оброк
-Број на деца, променлив број во завсност од посетата на градинка кој се движи од 123 до 132 деца, корисници на право на 100% парична партиципација во детската градинка
-Број на нво – 1 невладина организација која користи средства од општината по јавен повик од областа на социјална заштита
-Број на корисници или вкупно 23 на субвенција на сметки од 500 ден за комунални услуги
-Број на деца присутни на едукативните предавања
-Број на нови изградени тротоари: 3 нови делници (нас. Кланиште: 2.102 лица опфатени; нас. Пробиштип: 669 лица; кон градски гробишта: 13.024 лица, вклучително 1.064 жени и мажи над 65 години).
-Број деца опфатени со игралишта: 72 деца (Калниште) + 90 деца од предучилишна возраст (Злетово), подеднакво момчиња и девојчиња.
-Број поставени LED светилки: 50 нови точки во градот и селата и замена на 100 стари светилки со нови.
-Број лица со еднократна помош: 60 лица во социјален ризик (мажи/жени).
-Број учесници на обуки за родова еднаквост: 2 жени (координатор, советник за водење на записник за Совет на општината).

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

-Број ангажирани лица преку општинско-корисна работа: 2 лица (9 месеци, СОУ „Н.Н.Борче", 20% кофинансирање).
-Број здруженија со финансиска поддршка: 1 здружение на лица со оштетен вид (за Меѓународен ден на белиот стап).

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**
**-** Одлука за субвенционирање на сметки за комунални услуги према ЈКП Никола Карев Пробиштип за лицата со оштетен вид, корисници на правото на додаток за слепило http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-15-2023.pdf
https://probistip.gov.mk/novosti/soopshtenie-za-subventsionirane-na-smetki-za-komunalni-uslugi-za-litsa-so-oshteten-vid/
-Правилник за дополнување на правилник за еднократна помош до совет (бездомни лица и жртви на семејно насилство) број 26-199/16 од 13.02 2024 годинаhttp://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-2-2024.pdf
-Правилник за остварување на Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-15-2023.pdf
-Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од Центар за социјална работа Пробиштип а по повод празникот на градот 28-ми Август со број 26-199/17 од 13.02 2024 година и Одлуката за изменување на одлуката со број 26-92/9 од 27.01 2025 година http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-2-2024.pdf
-Правилникот за утврдување на критериумите , условите и потребната документација за остварување право на еднократна парична помош за новороденче со број 26-886/12 од 27.12 2024 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.13/24) http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/SLUZHBEN-GLASNIK-BR.13-2024.pdf
-Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ Н.Н.Борче" Пробиштип со бр 26-199/18 од 13.02.2024 (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.2/2024 година) и Одлуката за изменување на Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ „Наум Наумовски Борче" Пробиштип со број 26-675/8 од 30.09 2024 година http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-2-2024.pdf
-Одлука за утврдување на критериуми и услови за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години ( прво до петто одделение) во основните општински и подрачните училишта со број 26-80/14 од 26.01 2024 година и Одлука за изменување на одлуката со број 26-92/10 од 27.01 2025 година
http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-1-2024.pdf
-Извештај од реализирани активности по програма за социјална детска и здравствена заштита за 2025 година
-Извештај од реализирани активности по програма за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година
-Извештај од реализирани активности по Програма за спорт, Програма за празници и манифестации за 2025 година.

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** :

-Превземена иницијатива за користење на еднаков образец за изработка на општинските програми во кои се наведуваат родово разделени податоци и родово одговорен буџет и разгледување на општинските програми од комисијата за еднакви можности на жените и мажите
-Иницијатива за определување на приоритетни инфраструктурни проекти преку теренско истражување за потребите на најранливите групи што обезбедува инфраструктурата да одговара на реалните потреби на ранливите категории граѓани, промовирајќи инклузија и родова еднаквост во Општина Пробиштип.

-Иницијатива за спроведување на обуки за родово одговорно буџетирање за раководителите во општинската администрација преку UN Women
-Иницијатива за средното училиште да ги изработуваат извештаите и анализите со родово разделени податоци со цел да се промовира родово одговорно планирање и следење во образовниот сектор.
-Иницијатива за формирање хетерогени паралелки во основните училишта, со подеднаков број девојчиња и момчиња, ученици кои потекнуваат од различен социјален статус и со различно ниво на успех, наместо паралелки со диспропорционален пол, успех и социјален статус за да се промовира инклузивно образование, родова еднаквост и рамномерен развој на учениците.
-Иницијатива за заштита на малолетни девојчиња и момчиња од лесна достапност до алкохол, цигари и дрога заради превенција на ризични однесувања, родова еднаквост во заштитата и здрав психосоцијален развој на младите во Општина Пробиштип.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**

-Печатење на унифициран образец и доставување до Раководителите на одделенија во општинската администрација
-Обука на Советник за родова еднаквост и заштита на деца за за родово-одговорно буџетирање и учество на три модули од UN WOMEN и методи на теренско истражување за приоритетни родово одговорни инфраструктурни проекти
- Склучен Меморандум за соработка со Канцеларијата на UN Women од Скопје и определување на период на обуки за општинската администрација со обучувачи и експерти од канцеларијата
-Доставување на писмени препораки од страна на Советник за родова еднаквост и заштита на деца со детални насоки за да ги изработуваат извештаите и анализите со родово разделени податоци со цел да се промовира родово одговорно планирање и следење во образовниот сектор.
-Доставување на писмени препораки од страна на Советник за родова еднаквост и заштита на деца со детални насоки за формирање хетерогени паралелки во основните училишта, со подеднаков број девојчиња и момчиња, ученици кои потекнуваат од различен социјален статус и со различно ниво на успех.
-Спроведување на работен состанок со Директори од училиштата, претставници од Училишен Одбор и Совет на родители за превенција на ризично однесување на малолетните лица и доставување на писмени информации од добиените заклучоци до Полициска Станица Пробиштип за превземање на соодветни мерки и зголемен број на контроли за да се заштитат малолетните лица од злоупотреба и лесно доагање до алкохол, цигари и дрога.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори**

-Број на печатени унифицирани документи пополнети со Програмите на одделенијата од секоја област на работа со избрани проекти со родово одговорно буџетирање
-Број одделенија, односно 9 одделенија во Општина Пробиштип со интегрирани програми.
-Број проекти селектирани со родово одговорно буџетирање или проекти со родово разделени податоци за мажи/жени опфатени.
-Број на годишни извештаи од ЕЛС и општинските одделенија.
-Обучен Советник за родова еднаквост и заштита на деца за родово-одговорно буџетирање и учество на три модули од UN WOMEN и методи на теренско истражување за приоритетни родово одговорни инфраструктурни проекти
-Број на склучени Меморандум за соработка со Канцеларијата на UN Women од Скопје 1 Меморандум
-Број на обуки за општинска администрација (со обучувачи/експерти од UN Women).
-Број на обучени раководители и вработени во општинската администрација и број на избрани проекти со родово одговорно буџетирање

-Број на доставени писмени препораки од Советник за родова еднаквост и заштита на деца и број на паралелки формирани според насоките.
-Број на извештаи/анализи со родово разделени податоци подготвени во образовниот сектор
-Спроведени мерки на патроли на јавни простори и спроведни рации на работен состанок со Директори од училиштата, претставници од Училишен Одбор и Совет на родители за превенција на ризично однесување на малолетните лица и доставување на писмени информации од добиените заклучоци до Полициска

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**

-Решение за исплата на финасиските средства
-Меморандумот за соработка со UN WOMEN во 2025 година.
-Писмени препораки за образование
-Записник од работен состанок за ризични однесувања
-Список на присутни на работен состанок за ризични однесувања
-Извештаи и анализи од образовниот сектор

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Да, ЕЛС во Општина Пробиштип активно соработуваше со социјални партнери и НВО активни на полето на еднакви можности на жените и мажите.

-ЗЕЛС
- Министерство за социјална политика демографија и млади
-Министерство за образоваие
-Министерство за култура
-ЈУ Центар за социјална работа
-ЈКП Никола Карев
-ООУ Никола Карев, ООУ Браќа Миладиновци, СОУ Н.Н.Борче Пробиштип
-ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип
-Здружение на пензионери
Општинска организација Црвен Крст Пробишти
Планинарско друштво
SLOW FOOD
-ЈУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип
-UN Women Скопје
-Црвен Крст Пробиштип
-Здружение на лица со оштетен вид
-АВРСМ,
- УНДП

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Да базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол
. во прилог Ви доставуваме соодветен документ.
-Општинската администрација- 43 лица , од кои 24 жени, 19 мажи.
-Ангажирано едно лице (жена) преку Агенција за привремени вработувања.
-Територијална противпожарна единица 11 лица- мажи
-Советот на општина Пробиштип вкупно 15 советници, 5 жени и 10 мажи

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за предвидени корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за опфатени корисници, целни групи итн.**

Извештаи од реализирани активности предвидени во програмите за работа на општина Пробиштип (во прилог Општина Пробиштип има увид на статистички податоци разделени по пол на општинските институции-училишта, градинки, јавни претпријатија) достапни на веб страната на општината www.probistip.gov.mk откако ќе се усвојат на Советот на општината.
Во прилог табела со податоци од општина Пробиштип и податоци добиени од институции.

**2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

Да, меѓутоа рокот на овој план е истечен (Акциски план за родова еднаквост од 2022-2024 година)– односно важноста на Акцискиот план за родова еднаквост е до 2024 година.
Во следмиот период ќе се работи на ревизина на овој план со цел да се утврди дали се реализирани сите активности а потоа ќе се пристапи кон повторна изработка на овој документ.

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**
**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**
**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**
**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**
**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

Потребна е ревизија на Акцискиот план за период од 2022 до 2024 година и изработка на нов акциски план за следниот период.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Да, Во работни задачи и обврски предвидени во работното место на координаторот

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**
**а) слушател/слушателка**
**б) обучувач/обучувачка**

| |
|---|
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн).**<br>-Инфо работилница во рамки на програмата општинско-корисна работа<br>-Обука од Канцеларијата на UN WOMEN во два циклуси одржани во Скопје |
| **2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете**<br>- Добиените знаења се применуваат пред сè при изготвување на Годишните програми на општинската администрација, преку систематско воведување на родовата компонента во целите, активностите и индикаторите на програмите. Понатаму, тие се пренесуваат преку размена на искуства и интерни состаноци помеѓу раководителот на Одделението за јавни дејности, Кабинетот на Градоначалникот и другите релевантни служби, со што се обезбедува родовата перспектива да се интегрира во образованието, културата, социјалната и детската заштита.<br>Дополнително, стекнатите вештини од обуките за родово одговорно буџетирање и локални политики се користат при подготовка на буџетските програми, при формулирање на јавни повици до здруженија, како и при изработка на извештаи со родово разделени податоци, во согласност со Законот за еднакви можности и препораките од анализите за родова еднаквост. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>-Иницијатива за изготвување и спроведување на Годишна програма за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година.<br>- Иницијатива за изготвување и спроведување на Годишна програма на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво.<br>-Иницијатива за родово одговорно буџетирање преку реализацијата на сите општински програми.<br>-Иницијатива за собирање на родово разделени податоци при реализацијата на активностите од горенаведените програми<br>-Иницијатива за воведување родово разделени податоци во извештаите и анализите на општинските одделенија и образовните установи (училишта, градинки), со цел родово одговорно планирање и следење.<br>-Иницијатива за јавен повик и финансирање на проекти на здруженија (на Јавниот повик беше избрано здружението на граѓани „Црвен крст„ Пробиштип) во рамки на Програмата за еднакви можности, како и Програмата за Општинскиот совет за превенција на детско престапништво, со фокус на заштита на здравјето, превенција од пороци и неформално образование за корисници од двата пола и евидентирани со родово раделени податоци во текот на реализацијата.<br>-Иницијативи за вклучување на родовата компонента во социјалните и инфраструктурните програми |
| 2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br>-Усвоени годишните програми за 2026 година на Советот на Општина Пробиштип, правилници и одлуки<br>-Се спроведуваат активностите предвидени во Годишната програма за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година, како и активностите од Годишната програма на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво. За овие програми, податоците за корисници, учесници и целни групи се прибираат и евидентираат како родово разделени (одделно за жени и мажи), со што се овозможува родово одговорно планирање, следење и известување.<br>- Преку реализацијата на програмите и анализата на крајните корисници по пол за подготвување на идни програми се овозможува спроведување на родово одговорно буџетирање.<br>-Изработување на анализите и извештаите во училиштата со воведување податоци поделени по пол за сите учесници во воспитно-образовниот процес, како и за административно-техничкиот персонал.<br>- Спроведен е Јавен повик за здруженија на граѓани за реализација на програмите, со јасно утврдени критериуми за следење на родовата компонента. |

- Дистрибуција на унифициран образец за изработка на програми со инфраструктурни проекти, кој вклучува анализа на родовата компонента и избор на приоритетни проекти со родово одговорно буџетирање.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

-Предизвици при прибирање на податоци од институциите кои се под надлежност на општината

-Предизвици од аспект на изготвување на извештајот, како нов Координатор за еднакви можности на жените и мажите, без претходно поголемо искуство во оваа област и без непосредна вклученост во активностите од 2025 година кои се опфатени со извештајот.

- Предизвици се појавуваат во однос на учеството на обуките од страна на општинската администрација и советниците, имајќи предвид дека родовата еднаквост е релативно нова област која се воведува на локално ниво. Потребно е дополнително време за стекнување основни знаења, разбирање на концептите и прифаќање на обврските поврзани со родово одговорното планирање и буџетирање.

-Како предизвик се јавува и вклучувањето и активното учество на Комисијата за еднакви можности, со цел преку континуирани обуки и практична работа да се стекне поголемо искуство и да се зајакне капацитетот за примена на родовата перспектива во сите општински политики и програми.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

Во Општина Пробиштип може да се наведат неколку примери на добра пракса во областа на родовата еднаквост.

Усвоена е Програма за еднакви можности на жените и мажите и Програма на Општинскиот Совет за превенција на детско престапништво за 2026 година, со која се интегрира родовата перспектива во општинските политики и програми.

Во рамки на Програмата за социјална и детска заштита се применува родово одговорно буџетирање, преку планирање и следење на средствата според бројот на жени и мажи корисници.

Општината воспостави база на родово разделени податоци (жени/мажи) од локалните институции, која се користи при изработка на годишните извештаи за еднакви можности и за родови анализи на програмите и буџетот.

Се спроведуваат обуки преку UN Women како и јавни дебати за советниците и општинската администрација за значењето на родово одговорното буџетирање и интегрирањето на родовата перспектива во локалните политики, во соработка со ЗЕЛС и други партнери.

Лоша пракса која е согледана во изминатите неколку години е во областа на образованието при што во училиштата паралелките се формираат по желба на родителите во I одделение и при преминот од одделенска во предметна настава од V во VI одделение при што се формираат многу хомогени паралелки по пол (многу голем број женски ученици а 2-3 машки ученици во една паралелка), како и по социјален статус и успех (во VI одделение во рамки на една паралелка се запишуваат сите ученици со одличен успех, а додека во останатите се распоредуваат со послаб успех, па дури постојат паралелки целосно со ученици кои постигнале слаб или незадоволителен успех и поведение).

Со ваквото формирање на паралелки не се запазува родовата еднаквост и принципот на еднакви можности, затоа што:

Не се обезбедува приближно еднаков број девојчиња и момчиња во паралелките, туку се создаваат „женски“ или „машки“ одделенија, што води кон родова сегрегација.

Се нарушува еднаквиот пристап до квалитетно образование, бидејќи се формираат паралелки со „елитни“ ученици и паралелки со ученици со слаб или незадоволителен успех, што создава стигма и дополнителна маргинализација.

Не се почитува принципот на хетерогени паралелки (мешавина по пол, социјален статус и успех), кој е важен за инклузивно и правично воспитно-образовно опкружување за сите деца.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

Научена лекција е дека секој граѓанин, без разлика на пол, социјален статус, етничко потекло или попреченост, треба да биде видлив за општинските политики и да му се одговори на неговите специфични потреби. Ова значи дека мерките и услугите мора да се планираат и спроведуваат така што еднакво ќе ги опфаќаат и жените и мажите, урбаните и руралните жители, младите, старите и лицата со посебни потреби.

Исто така, потребно е редовно прибирање и користење на родово и социјално разделени податоци, за да се утврди кој е опфатен, а кој останува „невидлив", а најдобри резултати се постигнуваат кога директно се консултираат ранливите групи (жени, самохрани родители, лица со попреченост, Роми итн.) при планирање на услуги и инфраструктура;

Родово одговорното буџетирање и соработката со училишта, здруженија и други институции како партнери помагаат ресурсите да се насочат таму каде што има најголема потреба, за никој да не биде изоставен.

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Спроведување на едукација за родово одговорно буџетирање во соработка со UN Women Скопје за општинската администрација како и институциите кои се под надлежност на општината, Имплементација на Годишната Програма за еднакви можности на мажите и жените, ревизија и усвојување нов локален акциски план за родова еднаквост по истекот на постојниот до 2024 година, со јасни мерки, буџет и индикатори, унапредување на програмите на општината со продолжување на родово одговорното буџетирање, со систематско собирање родово разделени податоци и поддршка на проекти на здруженија (како Црвен крст, младински здруженија и сл.) преку јавни повици, со фокус на здравје, превенција на врсничко насилство, превенција од пороци и девијантни однесувања на младите и помош и поддршка на ранливи групи, со посебен акцент на жени, деца, стари лица, лица со попреченост и семејства со ниски приходи.

Овие мерки опфаќаат финансиска поддршка, социјални услуги, советување и вклучување во образовни и здравствени програми, со цел подобрување на квалитетот на живот и намалување на социјалната исклученост.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Во 2005 година

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол**

**б) Образование**

**в) Етничка припадност**

**г) Припадност на политичка партија и недискриминација**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (Комисија за еднаквост меѓу половите) при Општина Пробиштип е составена од пет члена. Во неа членуваат три жени и двајца мажи, сите со завршено високо образование и со статус на членови на Советот на општината.

Сите членови се Македонци по националност и доаѓаат од различни политички субјекти: една советничка и еден советник од коалицијата ВМРО–ДПМНЕ, една советничка од ЗНАМ, еден советник од Левица и една советничка од коалицијата на СДСМ.

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

Секако. Комисијата активно учествува во креирањето и донесувањето на развојните програми на општината, во процесот на усвојување на општинскиот буџет, како и во предлагање мерки за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во сите локални политики.

Имајќи во предвид дека членовите на Комисијата за еднакви можности истовремено се и членови на Советот на општината и во други советнички комисии, тие директно придонесуваат во креирањето, спроведувањето и унапредувањето на програмите преку вградување на родовата перспектива и промоција на еднакви можности во сите сектори.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

Учество на Комисијата за еднакви можности во разгледувањето на предлог-проектите поднесени од граѓанските организации на јавниот повик за финансиска поддршка, со цел да се овозможи оценување и препорачување на иницијативи кои придонесуваат за унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на женското учество во локалниот развој.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа? Не**

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во текот на 2025 година одржа два состанока, на кои ги разгледуваше:

Предлог-програмите за 2026 година изработени од општинската администрација, со цел нивно усогласување со принципот на еднакви можности и родова еднаквост и давање мислење на Советот на општината за нивно условување.

Годишните извештаи за реализацијата на активностите по програмите за 2024 година, при што се анализираа резултатите и се утврдија можности за подобрување во насока на поголема родова сензитивност на локалните политики.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

- Промовирање на родово одговорно буџетирање и подигање на свеста за неговото значење кај институциите на локално ниво, преку спроведување на специјализирани обуки оганизирани од Министерството за труд и социјална политика за координаторите и нивните

заменици за еднакви можности, како и за раководителите на одделенијата во општината и вработените во општинската администрација. Понатаму и спроведување обуки за директорите на образовните институции и другите раководни структури на локално ниво, како и за претставниците на граѓанскиот (НВО) сектор, со цел зајакнување на нивните капацитети за примена на родово одговорни политики и буџети во своето работење.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

- Давање насоки и обуки од МТСП за ревизија, уредување и изработка на нов локален акциски план за родова еднаквост (четиригодишен план) усогласен со националната стратегија, со јасни цели, мерки и активности

-Дополнителни обуки на Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на мажите и жените за механизмите и методите на вградување на родовата перспектива во сите општински програми: при подготовка на програмите за образование, социјална заштита, локален економски развој, инфраструктура, спорт и култура, како и методите на теренска родово сензитивна анализа за инфраструктурните проекти.

-Едукација на раководителите на одделенијата во Општина Пробиштип и советниците за родово одговорно буџетирање. Ова подразбира оспособување на администрацијата и раководните лица со континуирани обуки односно едукација за координаторите и замениците за еднакви можности, општинската администрација, директорите на образовните институции и раководителите на јавните установи, како и НВО секторот, за родово одговорно планирање, програмирање и извештаи.

Едукација во насока на воспоставување на механизми за постојана соработка со Комисијата за еднакви можности, партнерство со граѓански организации или вклучување на локални НВО во подготовка, имплементација и мониторинг на мерките (јавни повици за проекти, форуми со граѓани, кампањи против стереотипи и насилство врз жени).

Понатаму подигање на свеста и едукација за систематско прибирање и објавување податоци по пол, така што во сите секторски извештаи (образование, социјала, вработување, спорт) да се водат и користат податоци по пол за да се следи напредокот и да се коригираат програмите.